# Се слушаме ли преку екранот?

# МЛАДИТЕ ЗА БЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ ПРОСТОР!

## ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ: ШТО МОЖАТ ДА НАПРАВАТ НАЦИОНАЛНИТЕ ВЛАДИ?

**Да усвојат законски решенија кои би го регулирале Интернет просторот. Таквата регулатива може да се однесува на говорот на омраза на Интернет и онлајн булинг, да ги регулира интернет порталите, платформите и социјалните медиуми.**

**Да ги идентификуваат и санкционираат сторителите и лицата што ги загрозуваат правата на другите интернет корисници, оние што шират говор на омраза, лажни вести и дезинформации.**

### Дилеми и можни прашања околу интервенцијата на државата/владата

Владите би можеле да ја злоупотреват својата моќ. Важно е да не се дозволи владата да ја задуши слободата на говор, со изговор за борба против лажните вести.

Политичките чинители и институциите немаат волја да преземат мерки во спроведување на постојните законски решенија или дури и креирање и усвојување на нови законски решенија.

Недостиг на доверба кон институциите. Поради недоволно делување и превземање мерки за борба против лажните вести, младите немаат доверба во државните институции.

Заклучоците и препораките се засноваат врз наодите од граѓанските консултации со млади, настан скроен да ги разбере личните искуства на младите на интернет, позитивни или негативни, и нивните мислења за тоа кои мерки и политики, како и кои актери треба да ги спроведуваат овие активности со цел да се подобри искуството на интернет корисниците.

Граѓанските консултации со млади се дел од проектот „Направи иднина заедно: ЕУ и Западен Балкан од младинска перспектива“, финансиран од Европската агенција за културни, образовни и аудио-визуелни политики преку својата програма „Европа за граѓаните“.

Институт за европска политика. Скопје

Co-funded by the Europe for Citizens Programme of the European Union

TEN Think for Europe Network